СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 20 број 17	Чешиново-Облешево 16.12.2024 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 10.12.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1875/1
13.12.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 21, став 1, точка 4 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), а во врска со член 34 од Законот за буџети (Сл.весник на РМ бр.64/05, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 10.12.2024 година, донесе:

О Д Л У К А
За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, на следниот начин:

Потпрограма Потставка	Буџет	Самофинан.	Дотации	Донации	Кредити
V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ					
401130 Основни плати-други вработени	0	0	8.948	0	0
401310 Персонален данок на доход од плата	0	0	938	0	0
402110 Основни придонеси за ПИО	0	0	2.187	0	0
402210 Основни придонеси за здравство	0	0	988	0	0
402220 Основен придонес за проф.заболув.	0	0	45	0	0
402310 Основни придонеси до АВРМ	0	0	102	0	0
421290 Други материјали за греење	0	0	-13.208	0	0
	0	0	0	0	0

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево и станува составен дел на Буџетот на општината за 2024 година.

Бр.08-1823/1
10.12.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Оперативниот План за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територијата во надлежност на општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Оперативниот План за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територијата во надлежност на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 10.12.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1876/1 Општина Чешиново-Облешево
13.12.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 10.12.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на Одлуката за усвојување на Оперативниот План за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територијата во надлежност на општина Чешиново-Облешево

Член 1

Се усвојува Одлуката за усвојување на Оперативниот План за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територијата во надлежност на општина Чешиново-Облешево.

Оперативниот План да се објави во Службен гласник на општината.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1873/1 Совет на
13.12.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Слободанка Коцева од с.Уларци

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Слободанка Коцева од с.Уларци, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 10.12.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1877/1 Општина Чешиново-Облешево
13.12.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), а во согласност со

Програмата за остварување на социјална заштита во општина Чешиново-Облешево за 2024 година бр.08-1919/1 од 14.11.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/2023), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 10.12.2024 година донесе:

О Д Л У К А
за еднократна финансиска помош
на Слободанка Коцева од с.Уларци

Член 1

На Слободанка Коцева од с.Уларци, со постојано место на живеење во с.Уларци ул. 11-ти Октомври бр. бб и се одобрува еднократна парична помош во висина од 3.000.00 денари (три илјади денари) како помош за набавка на апарат за слушање.

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка на брателот .

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1874/1
13.12.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2024 година..... 1

2.ОДЛУКА за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2024 година..... 1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Оперативниот План за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територијата во надлежност на општина Чешиново-Облешево..... 2

4.ОДЛУКА за усвојување на Одлуката за усвојување на Оперативниот План за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територијата во надлежност на општина Чешиново-Облешево..... 2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Слободанка Коцева од с.Уларци..... 2

6.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Слободанка Коцева од с.Уларци..... 3

7.СОДРЖИНА..... 3

ПРИЛОГ: Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територијата во надлежност на општина Чешиново Облешевоза 2025 година

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО